# Тања Вукобрат

графичка дизајнерка и илустраторка



Тања Вукобрат е талентирана млада македонска графичка дизајнерка и илустраторка од Скопје. Таа неодамна има дипломирано графички дизајн, отсек Арт и Дизајн на Европскиот Универзитет.

„Отсекогаш ме интересирало цртањето, а поактивно започнав со цртање при крај на средно (во Орце Николов). Цртам и дигитално и традиционално. Најмногу ме интересира концепт арт на карактери и желба ми е да цртам карактери за игри“, за себе вели Тања.

Освен графичкиот дизајн и илустрациите, во своите интереси таа ги вбројува и музиката, видео игрите и спортот.

„Работам freelance, а моментално изработувам илустрации и брендинг за американската фирма „PinnupGal“. Моите нови цртежи можете да ги видите на thesacredmushroom.deviantart.com“, споделува Тања.

Иако само 23-годишна, Тања Вукобрат има учествувано на поголем број на изложби и работилници, во земјава и во странство, меѓу кои спаѓаат:

• Самостојна изложба во Кафе Ли насловена „Les Femmes“ која претставува циклус на цртежи инспирирани од жените. „Целта на оваа изложба е да се престави младата девојка со свое лично јас, со своја длабока и скриена интима“ вели Тања „Тие се мистични и емотивни личности, со цврст став. Претставена е нивната нежност, елеганција и естетика. Секој цртеж си има посебни карактеристики кои се пренесени преку боите, текстурата и експресиите на девојките.“

• Дел од изложбата на фотографии, илустрации и стрип табли при премиерата на краткиот игран филм „Мал дисконтинуитет во времепросторот“, во сценарио и режија на Гоце Цветановски, во кој што се прикажани неколку нејзини илсутрации.

• Дел од претставниците на МакСтрип во работилницата организирана од Општина Аеродром за помош на лицата со хендикеп.




MandraK

• Учесник на стрип работилницата при настанот „Magic Days“ на штандот на „Goblin“ на саемот за книга.

• Учесник на изложбата „Ретро респект“ што претставува групна изложба на стрип и илустрација, одржана во рамките на манифестацијата „Бела Ноќ“, во организација на Здружението за промовирање на стрип културата „Макстрипови“.

• Учесник на групната изложба на стрип и илустрации „Скопје во Стрип“ исто така дел од манифестацијата „Бела ноќ“.

• Дел од 3-годишни изложби додека студира на Европскиот Универзитет со илустрации и дизајн






# White Light

решенија.

- Редовен учесник на „Балканска смотра на млади стрип автори“ во Лесковац Србија.

Тања, исто така, има објавено стрип и повеќе илустрации во неколку броеви на македонското списание за промоција на стрип културата - „Синдром“.

„За во иднина планирам да изработам еден мал проект за кој нема ништо да откријам моментално и нормално да продолжам континуирано да цртам и да објавувам илустрации“, вели Тања за своите идни планови.

Александар Стеванов



Party Timeee

# Les Femmes









Ashe - League of Legends



SisterBenedron - World of Warcraft

